LOCAL AND REGIONAL COMPETITIVENESS PROJECT
|LRCP|

THE WORLD BANK

## Покана за доставување на понуда - Купување на стоки (Ре-објава)

Име на проектот: Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК)

Име на потпроект: Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерното уредување

Извор на средства: Претпристапен доверителски фонд на Еропска унија

Број на договор: LRCP-1/18-SG-30-SH-G-2.1

Назив на Договорот: Подготовка, графички дизајн и печатење на флаер за потребите на општина Битола

Датум: 03.11.2020 година

Почитувани,

1. Поканети сте за достава на понуда за Подготовка на текст, фотографии, графички дизајн и печатење на промотивни материјали за потребите на општина Битола.

Информации за техничката спецификација и бараните количини се дадени подолу во ова барање.

2. Понуда мора да доставите за сите барани ставки. Ценовните понуди ќе се евалуираат за сите ставки заедно и договорот ќе се додели на оној понудувач кој ќе понуди најниска цена на чинење за сите ставки заедно.

3. Понудите во електронска форма, потпишани, печатирани, скенирани, треба да се достават на следната адреса:

Е-пошта: simonajoveska132@gmail.com
dejand@bitola.gov.mk

Понудата се состои од:
- Покана за понуда
- Услови за испорака – пополнети и потпишани
- Техничка спецификација – пополнета и потпишана
- Форма на понудата
- Копија од Регистрација на компанијата

Ве молиме имајте во предвид дека средствата од грантот доделени за спроведување на ПЛРК, НЕ се наменети за плаќање на трошоци за данок на додадена вредност (ДДВ), за сите даноци, увозни давачки и акцизи за увезената стока.

4. **Краен рок за достава на понуди е: 24.11.2020 година (вторник) најдоцна до 16:00 часот.**

5. Барано искуство

Понудувачот мора да достави листа на склучени договори (со опис, вредност на договорите, име на клиентот и контакт лице за потврда на референцата) со која се потврдува дека во последните 3 години т.е. во 2019, 2018 и 2017 година има успешно реализирано најмалку 1 (еден) договор за испорака на добра слични на оние кои се предмет на оваа набавка. Вкупната вредност на договорот мора да биде најмалку иста или поголема од вредноста на понудата. Доставената листа на договори треба да биде придружена со потврди за реализирани договорни обврски, или доколку такви потврди не можат да бидат обезбедени од причини вон контрола на понудувачот, само со негова изјава за реализирани договорни обврски.

6. Понудата да се достави на македонски јазик, придружена со соодветна техничка документација и други потребни информации. Добавувачите мора да доставатт копија од нивната регистрација (за домашни добавувачи).

7. Понудата треба да биде подготвена во согласност со следните инструкции и во согласност со условите на договорот кој е даден во прилог. Условите за испорака исто така се дадени и ќе бидат дел од договорот.

(а) ЦЕНИ: Понудените цени треба да се во МКД (Македонски денари) и тоа како вкупна цена за испорака на бараните добра до крајните места за испорака дадени во Техничката спецификација. Цените треба да ги вклучат сите даноци, такси, трошоци за превоз и осигурување.

Плаќањето ќе се изврши откако избраниот добавувач ќе му достави на ЕСП фактура без ДДВ со серискi број издаден од Управата за јавни приходи на Р. Македонија (образец ДДВ-ФП-ДО) во согласност со македонското законодавство ("Службен весник на РМ" бр. 98/14 од 30 јуни 2014 година).

Адресата на крајниот корисник е:
**Општина Битола,** Република Северна Македонија

(б) Евалуација на понуди: Понудите кои ги исполнуваат барањата наведени во техничката спецификација ќе бидат евалуирани така што ќе се спореди нивната цена без ДДВ, со вклучено осигурување и превоз до крајното место за испорака.

При евалуирањето купувачот за секоја понуда ќе ја одреди евалуираната цена преку корекција на евентуалните аритметички грешки и тоа на следниов начин:

1. онаму каде што постои отстапување помеѓу износите изразени како бројки и како зборови, износот даден со зборови ќе се земе како точен

2. онаму каде што постои отстапување помеѓу единечната цена и вкупната цена кај одредена ставка настанато како резултат на множењето на поединечната цена со количината, единечната цена онака како што е понудена ќе се земе за точна.;

3. доколку добавувачот не ја прифати корекцијата, неговата понуда ќе биде одбиена.

(в) Доделување на договор: Договор ќе биде склучен со понудувачот кој што го исполнува бараното искуство и кој што доставил понуда која ги исполнува техничките и финансиските барања на набавката и е со најниска евалуирана цена. Со избраниот понудувач ќе се склучи договор во согласност со формата на договор и условите на испорака кои се дадени во прилог на барањево.

(г) Валидност на понуда: Вашата понуда треба да е валидна 60 дена од крајниот датум за достава на понуда даден во точка 4 од барањето за понуда.

8. Дополнителни информации можат да се добијат од::

Општина Битола
„Потпроект - Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерното уредување“
Адресирано до:
ул. Булевар 1-ви Мај бр.61
7000 Битола, Република Македонија
Тел: +389 47 208 442,
Факс: +389 47 208 307,
Е-пошта: bitola@t-home.mk.
Симона Јовеска
Тел: +38971385682
Е-пошта: simonajoveska132@gmail.com
dejand@bitola.gov.mk

9. Инспекции и ревизии

9.1 Добавувачот се придржува до инструкциите дадени од страна на Купувачот кои се во согласност со законот кој е важечки на местото на испорака.

9.2 Добавувачот ќе дозволи и ќе обезбеди неговите под-договорачи и консултанти да дозволат Банката (Светска банка) и/или лицата назначени од банката за ги проверат канцелариите на Купувачот и сите негови сметки и документи кои се поврзани со исполнувањето на договорот и со доставата на понуда, и да направат ревизија на таквите сметки и документи од страна на ревизори назначени од банката, доколку банката истото го побара. Понудувачот како и неговите под-договарачи и консултанти треба да ја имаат во предвид клаузулата 5 од Договорот –Измама и корупција, со која меѓу другото се забрануваат активности со кои се има намера да се попречат правата на банката за инспекција и ревизија, и истите претставуваат основа за раскинување на договорот (како и за прогласување на неподобност во согласност со процедурите на Банката за санкции).

**10. Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање за понуда по е-маил и да не известите дали ќе доставите понуда.**

Со почит,

Наташа Петровска
Градоначалник

**Форма на понуда**

_________ (Дата)

До: ________________________

Даваме понуда за извршување на ___________________________________________ (Добавувачот да го пополни името и бројот на договорот) во согласност со условите на договорот кој се дел од понудата за износ на договор _________________________(износ во зборови и бројки) (_____________) (валута)_____________. Нудиме да ги испорачаме стоките дадени во договорот во рок од ___________________календарски денови од датата на потпишување на договорот

Оваа понуда и вашето писмено прифаќање ќе претставува обврзувачки договор помеѓу нас. Разбираме дека не сте обврзани да ја прифатите понудата со најниска цена.

Потврдуваме дека понудата е во согласност со бараната валидност на понуда.

Овластен потписник: _________________________________

Име и титула на потписникот _________________________________

_________________________________

Име на понудувачот: _________________________________

Адреса: _________________________________

_________________________________

Тел број ____________________

# <u>УСЛОВИ НА ИСПОРАКА</u>

Име на потпроект: Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерното уредување
Купувач: Општина Битола
Број на набавка: LRCP-1/18-SG-30-SH-G-2.1 (Ре-објава)

## 1. <u>ЦЕНИ И РАСПОРЕД НА ИСПОРАКА</u>

| р.бр | Опис | Единечна мерка | Количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупна цена (без ДДВ) | Рок на испорака |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подготовка на текст, фотографии, графички дизајн и печатење на флаери за туристичките атракции во Битола | Парче | 5000 парчиња | | | 30 дена |
| 2 | Подготовка на текст, фотографии , графички дизајн и печатење на флаери за промоција на Офицерски дом во Битола | Парче | 5000 парчиња | | | 30 дена |
| 3 | Магнет со правоаголна форма со принт во боја од објектот | Парче | 3000 парчиња | | | 30 дена |
| 4 | Правоаголен привезок со принт во една боја од објектот | Парче | 3000 парчиња | | | 30 дена |
| 5 | Ташна платнена со принт во една боја од објектот | Парче | 3000 парчиња | | | 30 дена |
| 6 | Пенкала со принт во една боја | Парче | 10000 парчиња | | | 30 дена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Нотес | Парче | 500 парчиња | | | 30 дена |
| ВКУПНО: | | | | | | |

(Забелешка: Во случај на отстапување помеѓу единечната и вкупната цена, единечната цена ќе се земе како точна)

2. Фиксни цени: Цените дадени погоре се неменливи и фиксни и нема да бидат предмет на прилагодувања во текот на извршувањето на договорот.

3. Купувачот го задржува правото пред потпишување на договорот да ја зголеми количината на стоките и услугите првично барани за 15 %, без притоа да се смени поединечната цена како и другите услови.

4. Распоред на испорака: Испораката треба да се направи согласно погоре дадениот распоред **но не подоцна од 30 календарски дена** од датумот на потпишување на договорот.

5. Осигурување: Стоките набавени во рамките на овој договор ќе бидат целосно осигурени во конвертибилна валута за штети кои можат инцидентно да се јават во текот на производството, стекнувањето, транспортот, складирањето и достава. Осигурувањето ќе биде во износ од 110 проценти од вкупната вредност на стоките од «Складиште» до «Складиште» со предвидени «сите ризици» вклучувајќи «воени ризици». Добавувачот ќе договори и ќе плати за карго осигурување, назначувајќи го купувачот како краен корисник.

6. Применлив закон: Договорот ќе биде интерпретиран во согласност со важечките законите во државата на купувачот

7. Решавање на спорови: купувачот и добавувачот ќе ги вложат сите напори за решавање на евентуален спор спогодбено со директни и неформални преговори за надминување на несогласување или спор помеѓу нив во врска со договорот. Во случај на спор помеѓу купувачот и добавувачот, спорот ќе се реши во согласност со процедурите во земјата на купувачот.

8. Испорака и документи: По испораката, добавувачот ќе го извести купувачот и осигурителна компанија преку факс доставувајки целосни податоци за пратката, вклучувајќи број на договор, опис на стоките, количината, потврдата за испорака од компанијата за транспорт во која ќе бидат наведени сите детали, пристаниште на товарање, датум на испорака, пристаниште на испуштање, итн Добавувачот ќе ги прати ќе пошта следниве документи до купувачот, со еден примерок до осигурителната компанија:

(i) Копии од фактурата од добавувачот, со опис на стоките, количина, единечна цена, и вкупна цена;

(ii) копија од документот за транспорт

(iii) копија од документот за пакување, со назначена содржина од секој пакет;

(iv) гаранција издадена од производителот или од добавувачот

(v) потврда за потекло;

(vi) потврда за квалитет.

Горенаведените документи треба да бидат примени од страна на купувачот најмалку една недела пред пристигнување на стоката во пристаништето на местото на пристигнување, во спротивно добавувачот ќе ги сноси дополнителните трошоци кои можат да се јават.

9. Плаќањето на фактурата ќе биде на следниов начин: 100 % од вредноста на договорот ќе се плати во рок од 30 дена од датумот на сертификатот за прием на стоката издаден од страна ан купувачот

10. НЕ Е ПРИМЕНЛИВО Гаранција: Понудената стока треба да биде покриена со гаранција од страна на добавувачот од најмалку 12 месеци од датата на испорака на стоката на купувачот. Ве молиме да го наведете гарантниот период и условите.

11. Пакување и означување: Добавувачот ќе обезбеди стандардно пакување на стоките со цел да се спречи нивно оштетување во текот на транспортот до крајната дестинација, како што е дадена во договорот.

12. НЕ Е ПРИМЕНЛИВО Дефекти: Сите дефекти ќе бидат корегирани од страна на добавувачот без никакви трошоци на купувачот во рок од 30 дена од денот на известувањето за дефект дадено од страна на купувачот. Назив и адреса на сервисниот центар каде што ќе бидат отстранувани дефектите од страна на добавувачот во текот на гарантниот период:

**Адреса на овластен сервисер**
(да се пополни од страна на понудувачот)
-------------------------------------------------
-------------------------------------------------

13. Виша Сила: Добавувачот нема да се смета за одговорен за исплата на пенали или за раскинување на договор поради неупех во случај кога задоцнувањата или другите видови на отстапување во реализирање на договорните обврски произлегуваат од случај на " Виша сила".

За целите на оваа клаузула, " виша- сила" значи настани надвор од контрола на добавувачот и не вклучува вина на добавувачот или небрежност и кои не можеле однапред да се предвидат. Ваквите настани можат да вклучуваат, но не се ограничени на: чин на Набавувачот за заштита на својот суверенитет, војни или револуции, пожари, поплави, епидемии, карантин ограничувања, товарни ембарга

Ако настане ситуација на виша -сила, добавувачот веднаш ќе го извести купувачот во писмена форма за таквата состојба и за причината. Освен доколку инструкциите од Купувачот дадени во писмебна форма не се поинакви, добавувачот ќе продолжи да ги извршува своите обврски според договорот колку што е разумно , и ќе се бараат сите разумни алтернативни средства за извршување кое не е спречено од настан на виша -сила

14. <u>Барани технички спецификации</u>

(и) Генерален опис
(ии) Спецификација и технички стандарди
(иии) перформанси

Добавувачот потврдува дека со понудата се исполните барањата наведени во спецификацијата погоре.Во случај на отстапувања добавувачот треба да ги наведе отстапувањата)

Име на добавувачот_______________________________________________
Овластен потписник____________________________________________
Место:
Дата:

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА (БАРАНА И ПОНУДЕНА)

Име на потпроект: Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерното уредување
Купувач: Општина Битола
Број на набавка: LRCP-1/18-SG-30-SH-G-2.1

| Р.Бр. | БАРАНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ | ПОНУДЕНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ |
|---|---|---|
| 1 | Подготовка на текст на македонски јазик и фотографии за промоција на туристичките атракции во Битола, графички дизајн и печатење на флаери во колор, двострано, А4 формат, превиткано на три дела, (триплет), биговивани на две места на минимум 150 грамски конздруг (мат или сјаен). Флаерите ќе бидат печатени по добиеното писмено одобрување од страна на купувачот. | |
| 2 | Подготовка на текст на македонски јазик и фотографии за промоција на Офицерски дом во Битола, графички дизајн и печатење на флаери во колор А4 флаери во колор, двострано, А4 формат, превиткано на три дела, (триплет), биговивани на две места на минимум 150 грамски конздруг (мат или сјаен). Флаерите ќе бидат печатени по добиеното писмено одобрување од страна на купувачот. | |
| 3 | Магнет со правоаголна форма со принт во боја од објектот од материјал со кој се гарантира заштита од оштетување | |
| 4 | Правоаголен привезок со принт во една боја од објектот (гума, пластика или метал) | |
| 5 | Био разградлива торба со принт во една боја од објектот | |
| 6 | Био разградливо хемиско пенкало колор испечатено (еднострано или двострано) со принт во една боја | |
| 7 | Нотес со тврда корица А5, колор печат (еднostран или двостран ) хартија со линии за белешки со минимум 190 страни | |

ИМЕ НА ДОБАВУВАЧ: ______________________________

Овластен потписник: ______________________________

# ДОГОВОР

ОВОЈ ДОГОВОР под број LRCP-1/18-SG-30-SH-G-2.1 е склучен на _________, ___ 2020 помеѓу _____________________________ (**“Купувач” во понатамошниот текст**) и _______________________________________ (**“Добавувач во понатамошниот текст”**)

СПОРЕД ДОГОВОРОТ, Купувачот има побарано понуда за набавка на ___________________________, и понудата доставена од страна на Добавувачот за набавка на ___________ е прифатена во износ од __________ (____________________________) “Цена на договорот” во понатамошниот текст.

СО ОВОЈ ДОГОВОР СЕ УРЕДУВА СЛЕДНОВО:

1. Следниве документи ќе претставуваат дел од договорот:

a) Понуда; Услови на испорака; Техничка спецификација;

b) Амандман на договорот (доколку има);

2. Во однос на исплатата која треба да се направи на добавувачот од страна на купувачот, добавувачот склучува договор со купувачот за испорака која е предмет на Договорот и се обврзува да отстрани било какви дефекти или недоследности согласно одредбите на Договорот.

3. Купувачот се обврзува за доставата на стоките и за отстранувањето на можните дефекти да ја исплати цената на договорот согласно условите за исплата дадени во договорот.

**4. Прекинување на договорот**

4.1 Прекинување на договорот заради неисполнување на обврските од Договорот

(а) Купувачот со писмено известување може да го раскине договорот во целост или во дел во следниве случаи:

(i) Доколку добавувачот целосно или делумно не ги достави стоките во временскиот период наведен во Договорот или во рамките на евентуално одобрено од купувачот временско продолжување.

(ii) Доколку добавувачот не изврши некоја од обврските кои се предмет на Договорот или

(iii) Доколку добавувачот според оценката на купувачот бил вклучен во измама и корупција во текот на поднесувањето на понудата и во извршувањето на Договорот, која е подолу дефинирана со Клаузула 5.

(b) Во случај купувачот делумно или целосно да го раскине Договорот, Купувачот има право да набави, согласно условите и начинот кој го смета како најсоодветен, стоки или услуги кои се слични на оние кои не се доставени или изведени од страна на добавувачот, и за истите добавувачот ќе му биде должен на купувачот за сите дополнителни трошоци за набавката на сличните добра и услуги. Исто така, добавувачот ќе продолжи да ги извршува обврските кои произлегуваат од Договорот во делот кој не е раскинат.

4.2 Раскинување на договорот заради несолвентност.

(a) Купувачот може во било кое време со писмено известување да го прекине договорот со добавувачот доколку добавувачот банкротира или на било кој друг начин стане несолвентен. Во ваков случај, раскинувањето на договорот ќе се изврши без надоместок на добавувачот, и нема да влијае на правото за надомест на штета која се јавила или ќе се јави кај купувачот.

4.3 Раскинување на договорот по сопствена одлука.

(a) Купувачот со писмено известување може да го раскине Договорот во било кое време по сопствена одлука и тоа целосно или делумно. Во известувањето за раскинување на договорот ќе биде наведено дека договорот се раскинува по одлука на Купувачот, кој дел од договорот со Добавувачот се раскинува и датумот од кога раскинувањето на договорот стапува на сила.

(b) Стоките кои се целосни и готови за испорака во рок од дваесет и осум (28) денови по добивањето на известувањето за раскинување на договорот од страна на Купувачот, ќе бидат прифатени од страна на купувачот согласно условите и цените дадени во договорот. За останатите добра купувачот може да избере:

(i) да ги земе и да ги плати според условите и цените дадени во договорот; и/или

(ii) да ја откаже испораката и на добавувачот да му ги исплати делумно доставените стоки и услуги како и материјалите и деловите кои му биле претходно доставени од страна на добавувачот.

**Измама и корупција**

5. Во случај Купувачот да утврди дека Добавувачот и/или било кој од неговиот персонал, агенти, под-договарачи, консултанти, обезбедувачи на услуги или вработени се вклучени во корупциски, измамнички, противзаконски, присилни или обструктивни активности (кои се дефинирани во постоечките процедури за санкции на Свестка Банка) во насока на склучување или извршување на Договорот, Купувачот може по давање на рок од 14 дена да го раскине потпишаниот договор со добавувачот, и доколку раскинување на договорот е согласно Клаузула 4.1, ќе се применат одредбите од Клаузула 4.

## 6. Инспекции и ревизии

6.1 Добавувачот ќе постапува според инструкциите на Купувачот кои се во согласност со постоечките закони кои се применуваат на местото на испорака.

Добавувачот ќе дозволи и ќе обезбеди неговите под-договорачи и консултанти да дозволат Банката (Светска банка) и/или лицата назначени од банката за ги проверат канцелариите на Купувачот и сите негови сметки и документи кои се поврзани со исполнувањето на договорот и со доставата на понуда, и да направат ревизија на таквите сметки и документи од страна на ревизори назначени од банката, доколку банката истото го побара. Понудувачот како и неговите под-договарачи и консултанти треба да ја имаат во предвид клаузулата 5 од Договорот –Измама и корупција , со која меѓу другото се забрануваат активности со кои се има намера да се попречат правата на банката за инспекција и ревизија, и истите претставуваат основа за раскинување на договорот (како и за прогласување на неподобност во согласност со процедурите на Банката за санкции).

**Потпис и печат на добавувачот:**
ЗА И ВО ИМЕ НА

______________________
Име на овластен претставник

**Потпис и печат на купувачот :**
ЗА И ВО ИМЕ НА

______________________
Име на овластен претставник